ВОДИЧ ЗА МЛАДИ ЛУЃЕ СО МАЛИ И ГОЛЕМИ

БИЗНИС ИДЕИ

ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ



ENTER

Social Entrepreneurship

ENTER



Social Entrepreneurship

Издавач:
Младински Сојуз – Крушево
ул. Мише Ефтим 1а 7550 Крушево
www.youthalliance.org.mk

Автори:
Билјана Стојческа, член на тимот на Младински Сојуз – Крушево
Доц. д-р. Сања Николиќ, МИТ Универзитет, Скопје

Дизајн и печатење: **Контура**

Овој водич е заснован според искуствата и добиените информации од проектот "**ENTER Social Entrepreneurship**" кој беше подржан од **Амбасада на Соединетите Американски Држави, Скопје Македонија**.

Печатените изданија на Младински Сојуз – Крушево не смеат да се користат за комерцијални цели, без претходно писмено одобрување од организацијата.

"Содржината на овој водич ги одразува ставовите само на авторите и Амбасадата на Соединетите Американски Држави не превзема никаква одговорност за информациите и препораките во водичот"

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364-3:334.722]:005.573-053.6(497.774/.777)(036)

СТОЈЧЕСКА, Билјана
Водич за млади луѓе со мали и големи бизнис идеи за општествени промени / [автори Билјана Стојческа, Сања Николиќ]. - Крушево : Младински Сојуз, 2017. - 37 стр. : илустр. ; 25 см

Библиографија: стр. [36]

ISBN 978-608-66034-0-3
1. Николиќ, Сања [автор]
а) Социјално претприемништво - Развој - Млади - Бизнис идеи - Пелагониски регион - Водичи
COBISS.MK-ID 102530314

I. Вовед
II. За авторите
III. Основни елементи на социјалното претприемништво
- Што е социјално претприемништво?
- Што не е социјално претприемништво?
- Зошто социјално претприемништво?
- Тројна долна линија
- Социјална иновација – услов за социјален бизнис?
- Како до социјална иновација?
- Можностите на социјалното претприемништво?

IV. Регионален контекст на социјалното претприемништво
- Генерална слика
- Државните институции за развој на социјалното претприемништво во Пелагонискиот регионот
- Образовни институции за развој на социјалното претприемништво во Пелагонискиот регион
- Граѓанските организации и мрежи за развој на социјалното претприемништво во Пелагонискиот регион
- Можности за обезбедување на финансиски ресурси за социјални претпријатија

V. Корисни контакти
VI. Референци

“Денешната генерација на млади луѓе се најмоќната генерација во историјата на човештвото. Младите луѓе треба да мислат на различен начин – да креирам работа, а не да барам работа”

проф. Мухамед Јунус

Во светот денес постојат голем број на социјални претпријатија именувани на различен начин, со различни тенденции, облици и големини; од мали локални кафулиња до големи меѓународни фондации. Било да се концепирани како профитни или непрофитни здруженија, она што им е заедничко е да се основани од поединци или групи со посебни вредности. Општествените проблеми се насекаде околу нас и за било кој проблем што ќе ви падне на памет – веројатно негде во светот веќе постои претпријатие во чиј фокус е решение на овој проблем. Од друга страна, сé повеќе се млади луѓе кои сакаат да се вклучат во светот на малите и средни претпријатија така што ќе основаат свој бизнис, а истовремено сакаат да направат позитивни промени за својата заедница, како и за луѓето околу нив. Доколку се препознавате во идејата – решавање на општествени проблеми со помош на бизнис – социјалното претприемништво е можност за Вас!

Можеби повеќе од било кога, социјалното претприемништво е можност за сите нас, особено за помалку развиените региони, како што е Пелагониискиот регион, во кои за жал, вистинскиот потенцијал на социјалното претприемништво се уште не се препознава. Во време кога младинската невработеност и исклучително изразената миграција на младите, кои доведуваат до предизвици со кои никогаш претходно не сме соочиле, иновативните концепти на претприемништво не само што се посакувани, туку се и неопходни. Повеќе од било кога ни се потребни иновативни и алтернативни пристапи во решавање на општествените и економските проблеми, во чија основа е меѓусекторската соработка и употребата на бизнис алатките, техниките и моделите кои веќе се докажаа како ефикасни, овој пат со нова цел: за позитивни општествени помени.

Стремејќи се кон зголемување на можностите за вработување на младите преку развој на концептот социјално претприемништво, како и промоција на економски и бизнис развојот во Пелагониискиот регион, Младинскиот Сојуз од Крушево го иницираше проектот "ENTER Social Entrepreneurship". Поддржани од Амбасада на Соединетите Американски Држави, Скопје Македонија, во соработка со различни институции, компании и невладини организации, со активностите на овој проект вложивме силни напори за креирање на поволен еко-систем за локален развој на социјалното претприемништво. Во водичот кој е пред вас е колектирано е искуството и информациите од овој проект, а генерално и во оваа област. Доколку сте идниот социјален претприемник, активист или визионер од Пелагониискиот регион, овој водич на едноставен начин ќе ви помогне вашата општествено корисна идеја да ја преточите во претпријатие кое ќе нуди одржливо решение за општествениот проблем. Доколку пак сте претприемач со инспирација и енергија, водичот ќе ве мотивира да ја вложите во градењето на регион подобар за сите нас. На интересен, професионален и лесно разбирлив начин Водичот ќе ви ги претстави главните карактеристики на социјалното

претприемништво како и различните можности за развој на социјалните претпријатија од страна на младите луѓе во Пелагонискиот регион. Моќта и креативниот потенцијал кој го носат денешната генерација на млади луѓе нé прави нас уште посигурни дека вистинското време за развој на овој концепт е сега и веднаш.

Длабоко сме убедени во тоа дека социјалните претпријатија се идниот клучен елемент кој ќе допринесува во регионалниот и локалниот развој. Исто така веруваме дека заедно можеме да го унапредиме нашето општество преку различни бизнис идеи во чија основа се вистинските вредности како солидарност, почитување и вклучување. Се надеваме дека овој водич ќе ви помогне со знаење, информации и храброст да и вие



ЗА АВТОРИТЕ

Билјана Стојческа

Будно ги следи новите трендови и методи за работа со луѓе
Исклучително посветена на младите
Лукаво и искрено ги пренесува знаењата на младите
Ја сака својата работа како младински работник
Анализира, истражува, верува во соработка
Новините и се предизвик
Ама сепак сигурните промени и се најголема вредност
Силно е поврзана со вредностите во Младински Сојуз
Темелно и авангардно се нејзината омилена комбинација
Омилен десерт и е пита со тиква на крушевски начин
Ја милува динамиката кај младите
Често посветено прашува
Е сигурна дека позитивните промени започнуваат со самиот себе
Социјалното претприемништво и е омилена тема
Клучот на успехот верува дека е во искреноста
Активна и препознатлива во својата заедница



Силно верува во доброто и правдата
Амбициозна, ама никако наметлива
Њ... Збор што почнува на буквата Њ во македонскиот јазик – нема ! ...колку да имате на знаење..
Активно соработува и се дружи со членовите на Младински сојуз

Сања Николиќ

Најважно според неа е младите луѓе да стекнат соодветни знаења и вештини за да можат да бидат носители на позитивните промени
Има мисија да едуцира, предава, објаснува, раскажува, прераскажува ...
Комуникација е омилениот предмет што го предава на Факултет за менаџмент (МИТ Универзитет)
Обоена е со позитивна енергија
Личните ставови и мислења ги изразува јасно, дури и кога не им се допаѓаат на другите
Интелигенција со срце, искреност и иницијатива и се омилени карактеристики кај луѓето
Ќе направи сé за луѓето што ги сака

III

ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Автор: *доц. д-р Сања Николиќ*

ШТО Е СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ?

социјално претприемништво

награда за обичните луѓе кои даваат необичен придонес на општеството

Правењето нешто добро за општеството-при што тоа „нешто“ содржи бизнис компонента или преземање претприемачки активности за постигнување на повисоки вредности е социјално претприемништво.

Постојат многу трендови и дефиниции/пристапи и тони на успешни приказни и примери на социјални претпријатија или социјално-претприемнички активности.

Принципи на кои се темели социјалниот бизнис се:

- адресира социјални проблеми и проблеми на животната средина
- финансиска и економска одржливост
- инвестираните средства му се враќаат на инвеститорот, а потоа секој следен
- остварен профит се ре-инвестира во развој на социјалното претпријатие
- подигнување на општествена свест
- работната сила добива соодветни надоместоци и услови за работа
- треба да се работи со радост



ШТО НЕ Е СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО?

Бизнис со кој се максимизира профитот – социјалното претприемништво се фокусира на социјални цели
Непрофитна организација – социјалното претприемништо е финансиски самоодржливо

ЗОШТО СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО?

Бизнисот – како главен причинител на социјалните, еколошките и економските проблеми.

Веќе подолго време капиталистичкиот систем е под опсада. Бизнисот сé повеќе се критикува дека претставува главен причинител на социјалните, еколошките и економските проблеми. Организациите кои просперираат на сметка на своите заедници, остануваат заробени во застарениот и тесен приод, фокусирани на оптимизирање на краткорочните финансиски перформанси, не гледајќи ги големите непресретнати потреби на пазарот и влијанијата кои можат тие да ги имаат на долгорочниот успех.
Социјалното претприемништво во Европа се јавува како резултат на немоќта на институциите да се справат со општествените проблеми. Во светот се проценува дека во секторот на социјално претприемништво се вработени околу 40 милиони луѓе и 200 милиони волонтираат. Преку 30 универзитети во светот имаат воведено програми за изучување на социјалното претприемништво, вклучувајќи ги и најпрестижните: Harvard, Stanford, Oxford.



Општеството се соочува со бројни проблеми на кои владите и невладините организации понекогаш не можат соодветно да одговорат.

Peter Drucker вели дека социјалниот претприемач го менува капацитетот на изведба на општестовото.

Социјалните бизниси креираат заедничка вредност (shared value) – како за социјалното претпријатие така и за целокупната заедница.

Социјалните бизниси се засноваат на социјални иновации, адаптација и учење, не се ограничуваат на ресурсите кои се моментално на располагање, создаваат визија за поголема општествена одговорност кај широката јавност.

Социјалните бизниси треба да претставуваат двигатели на позивни општествени промени.

Социјалните бизниси претставуваат иновативен концепт за создавање на економска и социјална вредност во општеството, а со тоа поттикнува негово унапредување и разој.

Преку социјалното претприемништво маргинализираното население (невработените, просјаци, сиромашните итн.) се мотивира за самовработување, а со тоа се адресираат сериозни општествени проблеми.

ТРОЈНА ДОЛНА ЛИНИЈА
(Triple Bottom Line)
(3 P – Profit, People, Planet)

Долго време владееше догмата дека економските и општествените/социјалните цели се сосема различни и спротивни категории. Оваа лажна дихотомија, ги претставува застарените сфаќања на перспективите во современата економија и компетитивноста заснована на знаење. Организациите не функционираат изолирани од општеството. Напротив, како што вели Michael Porter, нивната компетитивност зависи од околностите и условите во местата каде што работат. На пример, подобрување на образованието, кое на голем број на локации се смета за проблем, ќе придонесе за создавање на квалификувана работна сила помеѓу локалното население, а со тоа ќе влијае на зголемување на конкурентноста на организацијата.
Пред современите организации е поставен нов предизвик. Тие полека стануваат

свесни за нивната зависност и поврзаност со опкружувањето. Затоа долна граница на одржливост или исплатливост на бизнисот, не се сведува само на заработката т.е. остварување на профит. Границата на рентабилноста е засилена со уште два нови елементи: социјален и еколошки. Оттука и концептот на тројна долна линија - еден бизнис е рентабилен ако ги задоволува сите три критериуми – профит, општество и екологија. Овој концепт е уште познат и како 3P – Profit, People, Planet.

СОЦИЈАЛНИТЕ БИЗНИСИ СЕ ТЕМЕЛАТ НА ПРИНЦИПОТ НА ТРОЈНА ДОЛНА ЛИНИЈА НА РЕНТАБИЛНОСТА.

ПРОФИТ
ЖИВОТНА СРЕДИНА
ОПШТЕСТВО





СОЦИЈАЛНА ИНОВАЦИЈА – УСЛОВ ЗА СОЦИЈАЛЕН БИЗНИС

ДАВА ОДРЕДЕНА ВРЕДНОСТ НА ОПШЕСТВОТО

ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ

ПОГОЛЕМА ЕФИКАСНОСТ, ЕФЕКТИВНОСТ И ОДРЖЛИВОСТ

КАКО ДО СОЦИЈАЛНА ИНОВАЦИЈА?



МОЖНОСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Социјалното претприемништво зема замав и предизвикува возбуда поради повеќе причини:

- Неодамнешната економска криза – луѓето почнуваат да бараат алтернативни начини на водење бизнис кој се темели на принципот на тројна долна линија (луѓе, планета, профит)
- Зголемување на бројот на успешните социјални бизниси во светот
- Можноста за одржливост
- Зголемената свест на потрошувачите и нивниот интерес како производите влијаат на животната средина
- Постојат голем број на социјални проблеми во општеството

Социјални проблеми на денешницата ...или можности за социјални бизниси:

СИРОМАШТИЈА
НЕМАЊЕ ВОДА ЗА ПИЕЊЕ
БЕЗДОМНИШТВО
НЕВРАБОТЕНОСТ
ЗАГАДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
СТАРЕЕЊЕ
ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ
ИНВАЛИДИТЕТ
ДИСКРИМИНАЦИЈА НА МАЛЦИНСТВАТА
ОБРАЗОВАНИЕ
ИСКЛУЧЕНОСТ ОД ИТ
ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕНЕРГИЈА
МИР И РЕШАВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ
ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА
РАМНОПРАВНОСТ НА ЖЕНИТЕ

КАКО ДА СЕ ВКЛУЧАМ ВО СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО?

Постојат многу начини на кои можете да се вклучите во социјално претприемништво: купувајте од социјални претпријатија, работете за нив, инвестирајте во нив, информирајте се повеќе за социјалните претпријатија во вашата заедница итн. Додека го читате овој водич, можеби веќе сте решиле да основате едно социјално претпријатие.

ЗА ЛУЃЕТО КОИ РАБОТАТ ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Доколку работите или водите приватен бизнис, можете да креирате социјално претпријатие во рамките на самиот бизнис. Постојат бројни активности во рамките на самиот бизнис кои можат да попримат карактер на социјален бизнис.

ЗА ЛУЃЕТО КОИ РАБОТАТ ВО ДРЖАВНИОТ СЕКТОР

Доколку работите во државниот сектор, можете да ги промовирате и да ги поддржите социјалните претпријатија и иницијавити во вашата локална заедница. Не е исклучена и можноста за основање на социјално претпријатие.

ЗА НЕВРАБОТЕНИ

Доколку сте невработени, основање на социјален бизнис претставува одлична можност за самовработување. Во прилог на тоа се бројните фондови кои имаат за цел да го поттикнуваат социјалното претприемништво преку обезбедување на средства за започнување на социјалниот бизнис.

ЗАПОЧНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛЕН БИЗНИС

Социјалните претпријатија можат да бидат во сите големини, од мали кафулиња во локалната заедница до навистина големи меѓународни организации, но заедничко за сите е тоа што тие се обично создадени од лице или тим со посебна страст и за општествена цел.

- Страста честопати доаѓа кога се обидуваме да решиме одреден проблем кој нé засега лично нас; а бизнис идејата која го решава (или придонесува кон подобрување) на одреден социјален проблем – ја претставува општествената цел.
- Започнувањето и водењето на сопствен социјален бизнис ќе ви го даде задоволството на слободата во работењето, но уште поважно – ќе правите нешто со што ќе го менувате светот на подобро.
- Денес постојат бројни поволни можности за обезбедување на средства за отпочнување на сопствен бизнис: фондови кои го поддржуваат социјалното претприемништво, strat - ups, микро кредитирање, награди за социјално претприемништво итн.
- Креирање на заедничка вредност (shared value) – за бизнисот и за заедницата, која претставува дополнителен мотив за купувачите да купуваат токму од социланите претпријатија.

Придружете се на движењето за креирање на позитивни општествени промени – ние веруваме дека во иднина сите бизниси ќе вклучуваат и социјална димензија во своето работење.

СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ Е ....

Одржливо – остварува приходи преку продавање на производи или услуги

Рентабилно – ги покрива сите трошоци преку остварените приходи на долг рок

Непрофитабилно – остварениот профит првиот пат се враќа на инвеститорот, а секој следен остварен профит се реинвестира во самото социјално претпријатие

Плаќа соодветен надомест/плати на своите вработени

СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ НЕ Е ....

Профитно – да постои само заради остварување на профит

Претпријатие кое ќе ги направи неговите сопственици многу богати

Претпријатие кое работи на основа на волонтеризам, грантови и донации

КАКО ДА СЕ ОСНОВА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

1. ***Истражувајте.*** Запознајте се со вашата локална заедница: кои се актуелните проблеми со кои се соочува населението; кои се маргиналните групи во вашата заедници; што можете да направите за нив; кој би можел да биде потенцијален купувач на вашето социјално претпријатие; дали има сличен производ или услуга со онаа што сакате да ја понудите итн.
2. ***Креирајте бизнис план.*** Пред за започнете со бизнис, морате да имате план: кои луѓе ви се потребни, кои знаења и вештини, ресурси, средства итн. Креирањето на добар и сеопфатен бизнис план бара време и соодветно знаење и вештини. Во прилог даваме пример кои елементи треба да ги содржи еден добар бизнис план.
3. ***Почетен капитал.*** За да започнете социјален бизнис, ќе ви бидат потрбени финансиски средства за да ги набавите потребните ресурси, исто како и за секој друг бизнис. Обезбедете start-up финансии: постојат специјализирани фондови кои можат да ви помогнат во ова.
4. ***Учите додека правите (learning by doing).*** Доколку го чекате „вистинскиот момент", тој никогаш нема да дојде. Секогаш нешто ќе фали или ќе чувствувате дека не сте доволно подготвени. Затоа земете длабоко воздух и скокнете да ги дофатите вашите соништа.

Менторство. Доколку се решите на овој храбар и хуман чекор и тргнете во авантура да основате социјално претпријатие, знајте дека не сте сами. Во овој прирачник можете да најдете контакти од ваши потенцијални ментори кои можат да ви помогнат од различни аспекти во градењето на успешна приказна за социјален бизнис.



Општествен проблем:

Решение за општествениот проблем/ идеја за социјален бизнис:

Позитивна промена во општеството (која ќе настане со започнување на социјалниот бизнис):

ИЗРАБОТКА НА БИЗНИС ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНИОТ БИЗНИС

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ВАШИОТ СОЦИЈАЛЕН БИЗНИС

Законски ограничувања
Потребни ресурси
Производ/услуга
Партнери и соработници

- Која е законската рамка и дали постојат законски ограничувања за имплементација на идејата
- Кои ресурси се потребно за реализација на идејата (човечки ресурски, материјали, опрема и сл)
- Опис на производот или услугата на социјалниот бизнис
- Дали ќе бидат потребни одредени партнери и соработници за реализација на вашата идеја

АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ

Пазар
Конкурентност
Конкуренција
Маркетинг и продажба

- Опишете кој пазар/пазарен сегмент ќе го опфатите со вашиот бизнис
- Кои ќе бидат вашите купувачи/корисници
- Во што ќе се состои вашата конкурентоност на пазарот
- Која карактеристика или елемент ќе ве прави подобри од другите на пазарот
- Кои се сегашни и потенцијални конкуренти на пазарот
- Како ќе го позиционирате вашиот бизнис во однос на конкуренцијата
- Која е вашиот план за маркетинг и продажба
- Како ќе допрете до купувачите

ФИНАНСИИ

Трошоци
Приходи

- Кирија, опрема, сметководство, плати, поправка и одржување, маркетинг, интернет и телефон, друго
- Проекција на приходите кои ќе ги генерира бизнисот

IV

РЕГИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Автор: *Билјана Стојческа*

ГЕНЕРАЛНА СЛИКА

Пелагонискиот регион има долгогодишна традиција во креирање на задруги и други форми на општествено ориентирани бизниси во 19от. век и во раните години на 20от. век (на пример компаниите за лица со посебни потреби за време на Југославија). Лидер во развојот на областа социјално претприемништво, и во минатото и сега, се граѓанскиот сектор и младите луѓе. Имено, за време на имплементација на активностите во рамките на проектот "ENTER Social Entrepreneurship" дојдовме до еден силен заклучок дека меѓу младите луѓе од Пелагонискиот регион има индивидуалци кои и покрај сите предизвици се надеваат на подобра иднина затоа што имаат иновативни идеи и волја да се вложат со цел успешни и позитивни општествени промени во регионот. Тоа се добрите вести. Лошите вести се дека поголемиот број на млади луѓе имаат супер изговори како "Не можам затоа што ....", "Се обидов, ама не успеав", "Не сум сигурен/сигурна дека ќе успеам" и друго.

Политика и законска рамка

За време на подготовката на водичот добивме информација дека е поднесен е предлог закон за социјалното претприемништво и истиот е во процедура. Цели на нацрт законот се уредување на прашањата и институционално решавање на основите за дејствување на повеќе организации и субјекти во областа на социјалното претприемништво, прецизно да се дефинира регулативата и распределба на носители, обврски и одговорности на надлежните органи и институции во доменот на социјалното претприемништво, како и со вклучување на локалната власт, граѓанскиот сектор и други облици на дејствување, да се покрене потенцијал кој ќе влијае позитивно на растот и развојот, намалување на невработеноста и јакнење на социјалната кохезија, а преку зголемување на можностите за вработување, намалување на сиромаштијата и помал обем на трошоци за социјални намени. Со законот се поттикнуваат нови облици на организирање, вработување и работење и се обезбедуваат социјални иновации во оваа сфера. Истовремено се создаваат можности за изразување на социјалните иновации на практична основа и за едукација на граѓаните за нивно користење, со што се создаваат услови за поттикнување на економскиот и социјалниот развој. Начела на кои се заснова законот се: солидарност, доброволност, рамноправност, еднаквост и забрана за дискриминација, вршење на дејности на непрофитна основа и зголемување на вработеноста и поттикнување на вработувањето во социјалните претпријатија и непрофитните правни лица.

Соработка за поддршка на социјалното претприемништво

Заедничкото делување може да биде решение за многу општествени проблеми во Пелагонскиот регион. Сведоци сме дека во светот денес, ниту еден од трите сектори - државниот, приватниот и граѓанскиот сектор, поединечно не можат да одговорат на

бројните предизвици со кои се соочува модерното општество. Едностраниот пристап до сега многу пати се покажа како неуспешен, особено во делувањето на различните големи проблеми како што се сиромаштијата, невработеноста, лошата состојба со животната средина, големите социо-економски разлики. Потребни ни се иновативни и ефективни начини за успешно справување со овие проблеми. Еден од начините е меѓусекторска соработка кога се комбинираат расположливите ресурси на сите сектори околу заеднички идеи и цели, со што придонесот кон заедницата е позначаен и поголем. Во Пелагонискиот регион, иако интервентно и местимично, волја за соработка меѓу различните сектори постои. Со цел понатамошен развој на екосистемот за поддршка на социјалното претприемиштво помеѓу младите, ние сите заедно треба се стремиме (и работиме) кон континуирана, инклузивна и одржлива меѓусекторска соработка.

Бариери во развојот на идеи во социјалните претпријатија од младите луѓе во Пелагонискиот регион

Според искуствата од проектот "ENTER Social Entrepreneurship" главните фактори кои го ограничуваат или кочат развојот на социјалното претприемништво во Пелагонискиот регион се следниве:



IV

I. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА

Важни институционални општествени чинители во кои младите луѓе можат да најдат партнери во развојот на своите бизнис идеи се: Министерство за труд и социјална политика , Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за информатичко општество и администрација, Управа за јавни приходи, Фонд за иновации и технолошки развој, Централен регистар и Одделение за соработка со невладините организации. Во понатамошниот текст опишани се одредени институции и можности за соработка со нив.

ОПШТИНСКА ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА ИДЕИ ЗА СОЦИЈАЛНИ БИЗНИСИ КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД МЛАДИТЕ ЛУЃЕ

Врската "општина-млади луѓе" треба да биде важна од секој аспект , не само во градењето на цврст екосистем за поддршка на социјалното претприемништво. Општините треба да гледаат партнери во младите луѓе во локалниот и регионален развој, а од друга страна пак, младите луѓе треба да се стремат кон соработка со локалните власти за да ја добијат посакуваната поддршка. Широкиот преглед на можностите на соработка во областа "млади и социјално претприемништво" ни обезбеди аргументи за следниве заклучоци.

Предности: Иако во акциските планови и стратегии за локален развој на општините од Пелагониски регион ретко се среќава терминот социјално претприемништво, сепак општинските стратешки планови, особено на поголемите општини, имаат цели кон кои се стремат со своите активности за ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ОПШТИНАТА. Така на пример Општина Битола во својата стратегија за локален развој (2014-2018) во секторот економски развој во стратешката цел "Подобрување на социо - економската положба на населението" има предвидено специфична цел "Подобрување на конкурентноста, иновации и претприемништвото во Општина Битола". Од друга страна, една од целите и задачите на економскиот совет на општина Прилеп е локалниот економски развој преку учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство. ПАРТНЕРСТВО е нашиот збор во нивните цели. Понатаму, стратешкиот план за локален економски развој на општина Крушево опфаќа СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ како туризам, занаетчиство и мали бизниси, рурален развој, еколошко место и култура и историја. Сите овие области се можност и аргумент плус за идеите за социјални бизниси кои се одговор на општествените проблеми, идентификувани од младите луѓе од Крушево за време на едукативните работилници во Крушево.

Слаби страни: Од активностите во текот на проектот "ENTER Social Entrepreneurship" може да се заклучи дека има недостаток од знаење и информации за потенцијалот на социјалните бизниси меѓу вработените во

општините. Тоа, сосема нормално, води до незаинтересираност за поддршка, пред се на постоечките "добри бизниси" како и понатамошна поддршка на идеи за развој на социјални претпријатија. Понатаму, сите општини во своите стратегиски планови немаат испланирано цели и задачи за развој на социјалните бизниси во заедницата. Можеби најкритичен дел е колку општините се отворени за соработка. Различни консултации и интервјуа со млади луѓе од Пелагонискиот регион, со цел автентичен приказ на состојбите, нé доведоа до следниве изјави "

Извор: истражување на авторот; интервју со референтни лица од областа



Како Општина Битола може да ја подржи идејата за социјален бизнис "Зелен Рај" иницирана од младите луѓе: Драги Павловски; Наташа Митревска; Маја Христовска; Димитар Павловски? Идејата за социјален бизнис "Зелен Рај" е бизнис кој нуди услуга - алтернативен начин на погребување, иницирана за време на едукативната работилница во рамките на проектот "ENTER Social Entrepreneurship". Во фокусот на идејата е високиот степен на загаденост на воздухот во Битола, што се совпаѓа со акциският план за заштита на животна средина на Општина Битола. Општината може да има исклучителна улога во текот на имплементацијата на оваа бизнис идеја преку финансиска поддршка и преку олеснување на административната процедура.



IV

ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН (ЦРППР)

Од исклучителна важност за поддршка на развој и имплементација на идеите за социјалните бизниси е Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР). ЦРППР е основан од единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Пелагонискиот плански регион – Битола, Прилеп, Крушево, Ресен, Демир Хисар, Могила, Новаци, Кривогаштани, Долнени, и има својство на правно лице. Во рамките на ЦРППР има одделение за поддршка на бизнис секторот, што е од исклучителна важност за младите луѓе и развој на нивните идеи за социјални бизниси.

Предности: Можеби единствена институција во чија акциска програма (Програма со предлог акциски план за развој и поддршка на приватниот сектор во Пелагонискиот регион (2016 – 2020)) има предвидено активности и цели за развој на социјалното претприемништво. Всушност во програмата фокусот е на еко -социјалното претприемништво. Воедно, од оваа програма може да се заклучи дека дел од фокусот на ЦППРМ е кон субвенционирање на вработување на млади лица до 29 години, главната цел и на проектот "ENTER Social Entrepreneurship".

Слаби страни: Повеќето млади луѓе кои беа вклучени во активностите на "ENTER Social Entrepreneurship" не беа запознаени со активностите на ЦРППР и не го препознава брендот на ЦРППР во партнери. Исто така беше укажано од младите дека потребно е проектите на центарот што повеќе да бидат фокусирани на младите, бидејќи развојот од регионот токму зависи од младите луѓе.

Извор: истражување на авторот; интервју со референтни лица од областа





Како ЦРППР може да ја подржи идејата за социјален бизнис "Општествени Градини" иницирана од Александра Пандевска поддржана од локален земјоделец Томе Крстевски. Идејата за социјален бизнис "Општествени градини" е кооператива кој нуди производство на органски градинарски продукти во урбана средина и е иницирана за време на едукативната работилница во Битола како дел од проектот "ENTER Social Entrepreneurship". Во фокусот на идејата се два општествени проблеми: сиромаштијата и неквалитетните продукти (зеленчук и овошје) кои се нудат на пазарот. Тргнувајќи од акцискиот план на ЦРППР и нивното стремење кон развој на еко -социјалното претприемништво, исклучително ќе им биде корисно на младите (иницијатори на оваа идеја) да продолжат со развој на идејата преку повеќе консултации со стручните лица од ЦППРМ.

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА РАБОТА (ЦЕНТРИ И ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА)

Како што веќе е нагласено, во Република Македонија концептот на социјално претприемништво не е соодветно уреден во правниот систем. Не постои законска регулатива која сеопфатно ќе ја регулира оваа материја, иако во неколку закони и политики постојат одредби кои што придонесуваат за поддршка на идниот развој на социјалното претприемништво. Министерството за труд и социјална работа е предводник на предлог законот на социјално претприемништво.

Предности: Министерство за труд и социјална политика е пристапна институција со тоа што во Пелагонискиот регион има повеќе меѓуопштински и општински Центри за социјална работа. Воедно, оваа институција поседува вредна база на податоци за регионот во однос на права и услуги, и пазар на труд. Исто така, доколку се земат во предвид нагласените потреби на младите за понатамошен развој на социјалното претприемништво, од правна и регулаторна рамка, Министерството за труд и социјална политика исклучително придонесува во ова поле.

Слаби страни: Потенцијалот на социјалното претприемништво е повеќе препознаен на централно ниво, во рамките на Министерството, отколку во меѓуопштинските и општинските Центри за социјална работа. Исто така, бирократската процедура за добивање на вредните податоци и информации од центрите, ги обесхрабрува наместо да ги мотивира младите во развојот на своите идеи.

Извор: истражување на авторот; интервју со референтни лица од областа

IV

ЕКОСИСТЕМ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО



Како меѓуопштинскиот Центар за социјална работа во Прилеп може да ја подржи идејата за социјален бизнис "Еднакви". Идејата "ЕДНАКВИ" е социјално претпријатие во чиј фокус е обезбедување еднакви можности и подобар живот за лица со инвалидитет и е иницирана за време на едукативната работилница во Прилеп, како дел од проектот "ENTER Social Enpretprenurship". Развојот на идејата исклучително може да биде поддржана со информации и контакти од Центарот за социјална работа во Прилеп. Воедно, социјалното претпријатие може да ги инкорпорира во своите планови и поволностите обезбедени со Законот за вработување лица со инвалидитет.

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ЦЕНТРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ)

Агенција за вработување на Република Македонија е јавна установа која врши професионални организациски, административни и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на труд. Тргнувајќи од главната цел на проектот "ENTER Social Entrepreneurship" - вработување и самовработување на младите луѓе преку можностите на социјалното претприемништво, оваа државна институција е важен конституент во градењето на екосистемот на социјално претприемништво во Пелагонискиот регион.

Предности: Агенцијата за вработување денес е посветена институција на младите луѓе и нивното вработување, особено на само вработувањето. Исто така, преку Центрите за вработување е достапна до сите младите во Пелагонискиот регион. Агенцијата ги прати трендовите и обезбедува обуки, дообразование и поволни кредити за самовработување на младите невработени луѓе, што се покажа дека сé ова се потреби на младите луѓе.

Слаби страни: Младите луѓе не ја доживуваат Агенцијата за вработување како партнер во решавањето на нивниот проблем со невработеноста, пред се поради малиот број на позитивни примери преку кои младите луѓе биле вработени или самовработени, користејќи ги нивните услуги. Исто така, во текот на имплементација на проектот "ENTER Social Entrepreneurship" на барање на младите луѓе (учесници во проектот) пробавме електронски да се обратиме до релевантни одговорни лица во Агенцијата за вработување користејќи ја електронската адреса објавена на нивната адреса. Заклучено беше дека е-комуникацијата со Агенцијата за вработување не е лесна и брза.

Извор: истражување на авторот; интервју со референтни лица од областа



Извор: НЕВРАБОТЕНОСТА НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Како Центарот за Вработување во општина Крушево може да ја поддржи идејата за социјален бизнис "IN Krusevo" иницирана од: Оли Абаџи, Благоја Гули и Александар Новески. Идејата "IN Krusevo" во фокусот ги има младите - невработени од Крушево, како туристички водичи. Имено идејата треба да даде одговор на два идентификувани проблеми: младинска невработеност и културна непромоција на Крушево. Центарот за вработување може да ги поддржи овие млади луѓе со иницијален кредит за

самовработување, а понатаму во развојот на идејата, континуирано може да ги поддржува со информации и контакти на нови млади луѓе кои ќе сакаат да бидат дел од “IN Krusevo”.

I.ПОДДРШКА ОД ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

ПОДДРШКА ОД ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ИДЕИ ЗА СОЦИЈАЛНИ БИЗНИСИ КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД МЛАДИТЕ ЛУЃЕ

Преку образовниот систем започнува адресирањето и соочувањето со националните и локалните предизвици во сите сфери на живеењето. За таа цел реформите спроведени во образованието го уважија значењето на претприемништвото како значаен фактор за зголемување на креативноста и иновативноста кај младите луѓе, развој на претприемачки вештини и способности, мотивирање и охрабрување за иницирање на нови бизнис идеи, што од своја страна се предвидува да придонесе кон создавање на нови работни места и севкупен економски раст и развој. За таа цел, преку образовни реформи, претприемништвото и иновациите се воведоа како задолжителни наставни содржини во сите степени на образовниот процес – основно, средно и високо образование. Во Пелагонискиот регион активно функционираат следниве универзитети: Универзитет “Св. Климент и Охридски” (Економски Факултет – Прилеп, Факултет за Биотехнички Науки – Битола, Технички Факултет – Битола, Педагошки Факултет – Битола, Висока Медицинска Школа – Битола, Ветеринарен Факултет – Битола, Факултет за Информатички и Комуникациски Технологии – Битола, Научен Институт за Тутун – Прилеп), Меѓународен Славјански Институт “Гаврило Романович Державин” и Бизнис Академија Смилевски.

Предности: Високообразовните институции се исклучително во тек со трендовите на иновации и претприемништво. Тргнувајќи од постулатот “Без теорија - нема пракса”, образовните институции се тие кои им даваат знаење на младите луѓе за концептот и функционирањето на претприемништво.

Недостатоци: Иако темелот на едукација на студентите за социјалното претприемништво е поставен, треба да се најде вистинскиот начин за ефективни резултати. Пред сé, познавањето и искуството во областа на социјалното претприемништво на наставниот кадар кој треба да го предава, и од теоретски и од практичен аспект, е многу мало имајќи предвид дека се работи за нов, современ социо – економски концепт, кој сé уште е во зародиш и кој самиот е недоволно истражен и експониран. Притоа, освен со недостаток на искуство од оваа област, образовните институции се соочуваат и со недостаток на стручна литература за социјално претприемништво на македонски јазик која ќе им послужи во наставната дејност, како за нивна доедукација, така и во редовната настава.



Добар пример!

Универзитет "Св. Климент и Охридски" во соработка и партнерство со Институтот за претприемништво и иновација од Факултетот за бизнис и економија од Виена учествуваше во меѓународен проект за социјално претприемништво. Станува збор за натпревар за креативни идејни решенија во доменот на социјалното претприемништво меѓу студентите. Мисијата со наградата е да промовира знаење и пракса за социјалното претприемништво меѓу студентите во Европа. Оваа соработка им овозможи на студентите при УКЛО да бидат директно вклучени во трансфер на знаења и искуства за социјалното претприемништво од општества каде овој концепт е добро развиен.

Како Економски факултет од Прилеп може да ја поддржи идејата за социјален бизнис "Chill Pub" иницирана од: Лилјана Илиоска, Катерина Богданоска, Пеце Спасески, Маја Неданоска, Рубин Аризанкоски? Оваа бизнис идеја произлегува од утврдената потреба за намалување на невработеноста на младите лица во Општина Прилеп преку паметно користење на навиките на младите луѓе за трошење на слободното време во кафулињата. Меѓутоа, секоја бизнис идеја треба да биде поставена на здрави темели, а младите луѓе не секогаш ги земаат во предвид сите елементи важни за развој на идејата. Економски факултет со своја експертиза може да ја поддржи идејата во анализа на условите и важните фактори, и тоа со директно вклучување на нивни студенти за обезбедување на теренски податоци.



IV

ПОДДРШКА ОД ИНСТИТУЦИИ ОД ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РАЗВОЈОТ НА ИДЕИ ЗА СОЦИЈАЛНИ БИЗНИСИ КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД МЛАДИТЕ ЛУЃЕ

Почнувајќи од основното образование, децата уште во раната возраст почнуваат да се запознаваат со поимите и значењето на претприемништвото и иновациите, преку нивно изучување во шест предмети. Имено, направени се одредени измени во наставните содржини на предметите информатика, математика, биологија, хемија, физика и ликовно, при што се дополнети со одбрани теми од областа на претприемништвото, а во деветтото одделение е воведен посебен предмет „Иновации“. Во оваа насока, образовните реформите ги опфатија и средните училишта воведувајќи проектни активности „Иновации и претприемништво“ од прва до трета година, „Бизнис и претприемништво“ во четврта година гимназиско и средно уметничко образование.

Предности: Подигнување на свеста кај најмладите преку нивно обучување за концептот на социјалното претприемништво е кохерентно со актуелната државна политика за развој на претприемништвото и природно се надоврзува на започнатата стратегија на воведување на претприемништвото во основното и средното образование.

Недостатоци: Пред се е потребна доедукација и доусовршување на наставниот кадар во основното и средното образование, вклучен во наставата која ја опфаќа материјата на претприемништво, бизнис и иновација. Понатаму, потребно е дополнувањето на наставните содржини кои го обработуваат претприемништвото, со тематика поврзана и со социјалното претприемништво како современ и иновативен модел за одржливо решавање на економските и на социјалните проблеми.

Извор: истражување на авторот; интервју со референтни лица од областа



Добар пример!

Како матурски испит ученичката Фани Ангелеска од СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Крушево спремила проектна задача по предметот "Бизнис и претприемништво" на тема "Социјално претприемништво". Изјава од Фани Ангелеска: „Тргнувајќи од тоа дека социјалното претприемништво кај нас е тема со која ретко кој е запознаен, особено пред три години, истражувањето за мојата проектна задача на истава тема не беше лесно. Претходно организираниот тренинг курс од Младински Сојуз-Крушево беше од голема помош бидејќи тогаш и јас самата ја добив првата идеја за тоа што е социјално претприемништво. Останатата користена литература беше од некои книги за бизнис и претприемништво, интернет и практични примери на социјални бизниси. Крајниот дел беше претставување на таа проектна задача пред професори од моето училиште кои требаше да ја оценат и да влези во мојата диплома за завршено средно гимназиско образование. Кога јас ја претставував темата, самите професори не беа запознаени со оваа тема, или имаа сосема погрешни претпоставки за истата. Сметам дека социјалното претприемништво може да реши многу општествени проблеми, но многу е важно идејата за тоа што е социјално претприемништво да биде точно пренесена и што помасовно, бидејќи свесноста за овој концепт е навистина многу мала."

Како СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Крушево може да ја поддржи идејата за социјален бизнис во рамките на ФК "Питу Гули" од Крушево. Имено во фокусот на оваа идеја за социјален бизнис е инклузија на деца и млади преку спортот во Пелагониски регион. Спортистите во рамките на клубот се соочени со јаз во однос на нивното знаење од сферата на бизнисот. За таа цел соработка помеѓу наставниот кадар за "Бизнис и претприемништво" може да биде сериозна поддршка на спортистите од ФК "Питу Гули" и да им помогне во развој на здрав бизнис план со кој ќе се развие социјално претпријатие во рамките на клубот.



IV

I.ПОДДРШКА ОД ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И МРЕЖИ ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Улогата на граѓанскиот сектор за развојот на социјалното претприемништво во Пелагонскиот регион е исклучително важна. Генералниот заклучок е дека интересот кај граѓанските организации за оваа тема во Пелагонискиот регион се зголемува од 2013 година. Во последните три години има значително поголем број на активности на оваа тема, како натпревари, обуки, конференции, информативни средби итн. Понатаму, граѓанскиот сектор во сферата социјално претприемништво во Пелагонискиот регион е вклучен на различни начини – промоција, едукација, подигање на свесност за значењето на социјалното претприемништво, програма на менторирање, пренесување добри практики и примери.



Предности: Најважниот поттик во развојот на секторот социјално претприемништво во Пелагонискиот регион доаѓа токму од граѓанскиот сектор. Всушност, граѓанскиот сектор работи на ревитализација на вредностите како солидарност, соработка и доверба, кои патем се базичните вредности за социјалното претприемништво и претставуваат огромен мотив за развојот на овој сектор. Исто така различниот пристап на граѓанските организации во развојот овој нов концепт на претприемништво обезбедува повеќе можности на користење на потенцијалот. Од една страна, граѓанските организации го промовираат концептот како алатка за постигнување сопствена оддржливост, а од друга страна, го промовираат како нов пристап во економијата, нов начин на функционирање, нова можност за отворање на работни места, нов начин за раководење, нова можност за развој, што сè заедно во основа ја креира суштината на социјалната економија.

Недостатоци: Фрагментација и неефикасност на широко распространетите програми и некоординирани активности на различни чинители од овој сектор. Непостоењето на заедничка стратегија за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија ги дефокусира идните чекори за развој на овој сектор во Пелагонискиот регион.

Извор: истражување на авторот; интервју со референтни лица од областа

Добри примери!

–Младински Сојуз Крушево, младинска организација со седиште во Крушево, која активно работи на оваа тема од 2013 година, со фокус на младинската невработеност и социјално претприемништво. Имаат имплементирано голем број на проекти и настани кои ги вклучуваат младите од регионот како: "Ready, Steady=JOB", "Youth Social Entrepreneurship in Action", "Социјалното претприемништво – тренд или решение за младинската невработеност", "ENTER Social Entrepreneurship" и "DIVE in Social Entrepreneurship". Она што ја прави работата на Младински Сојуз – Крушево како добар пример е тоа што имплементираат интернационални младински активности и на тој начин трансферираат искуства и знаења што се важно за развојот на овој сектор.



Македонска Платформа за Сиромаштија, конкретно во Пелагонскиот регион, активна во оваа тема е Младинската синдикална организација при УНАСМ. Имено оваа организација имплементираше конференција во Битола, на тема „Социјалното претприемништво – предизвик за младите во Македонија" која беше организирана со цел учесниците да се здобијат со основно познавање од темите социјално претприемништво и градење на кариери со социјалното претприемништво, но и да се развие мотивираност и чувство за искористување на можноста на социјалното претприемништво како нов модел во намалување на невработеноста. Конференцијата е добар пример бидејќи учесниците беа млади од синдикалните организации и ова беше нивно прво соочување со оваа тема.

StartupZone се истакнува со StartQube програмата за млади претприемачи и start ups кои преку програмата добиваат целосен пакет на знаење и информации за развивање на нивната идеја во бизнис. Во текот на програмата, учесниците имаат можност да

СТРАНСКИ ФОНДОВИ

Постојат бројни странски фондови кои подржуваат идеи за развој на идеи за социјални бизниси. Особено постојат бројни можности за финансирање на вашите идеи за мали и средни претпријатија. Тука мора да ги споменеме UNDP и нивната програма за самовработување која ја имплементираат заедно со Владата на Република на Македонија. Потоа USAID и нивните фондови за иновации, како и фондови за развој на мали и средни претпријатија. Значајно место има и Европската Комисија која со различни програми финансиски го поддржува развојот на идеите за социјални претпријатија. Всушност, комисијата во погон стартуваше акциски план кој покрива шест поширок области вклучувајќи и "Финансирање на иновации, стартапи и неформирани компании (идеи)" и оваа област содржи различни ограноци како што е повикот за пан-Европски фонд на ризичен капитал на фондовите (FoF) и истражување на (crowdfunding) финансирање од физички лица и даночни олеснувања кај ризичниот капитал. Ревизијата на овие регулации на Европскиот Фонд на Ризичен Капитал (EuVECA) и Европски Фонд за Социјално Претприемништво (EuSEF) исто така спаѓаат во оваа област. Исто така финансиска поддршка обезбедува Swiss Development Cooperation.

Добар пример!

Yunus Social Business Balkans е фонд за социјални претпријатија на Балканот. Овој фонд обезбедува финансиска и не финансиска поддршка на идеи за социјални бизниси со особено општествено влијание.

Како може YSBB да ја поддржи идејата за социјален бизнис –"Забавен Парк Fresh Air" иницирана од: Ана Штерјоска, Стевче Јанкулоски, Сотираќи Чакалар, Наум Налбантоски, Филип Маркоски во текот на едукативната работилница во Крушево во рамките на проектот "ENTER Social Entrepreneurship"? Едноставно оваа група на млади луѓе треба да испратат порака на електронската адреса balkans@yunussb.com со кратка презентација на идејата и финансиски план. Овој фонд за да ги поддржи и мотивира младите луѓе да ги аплицираат идеите за финансирање, ги даваат како материјали за поддршка и следниве документи: најчесто поставувани прашања и процес на инвестирање.



живеат, работат и да комуницираат секојдневно со нивните ментори, на неформален начин. Ова обезбедува максимален трансфер на знаење и совети за учесниците, не само за време на практични работилници туку и во текот на целата програма.

Како Младински Сојуз – Крушево може да ја поддржи идејата за социјален бизнис "OLD" која произлезе од едукативната работилница во Крушево имплементирана во рамките на "ENTER Social Entrepreneurship" иницирана од Ирена Блажеска, Љупчо Маркоски и Елена Чакалар. Имено во фокусот на овој социјален бизнис е решавање на проблемот со старите лица во Крушево кои се ограничени во своите секојдневни активности. Младинскиот Сојуз од Крушево може да ги подржи овие млади луѓе со обезбедување на контакти и информации за можни начини на финансирање на оваа идеја.



I.МОЖНОСТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Финансиската поддршка на идеите за социјалните претпријатија е исклучително важна за зајакнување на економските активности на социјалните претпријатија. Иако младите луѓе од Пелагонискиот регион укажаа дека една од главните пречки за развој на идеите за социјални претпријатија е недостаток на финансиски ресурси, во текот на активностите, тренинг тимот заклучи дека младите од Пелагонискиот регион не се информирани за различните извори за финансирање на нивите идеи. Освен фондовите како директни извори за финансирање на социјалните претпријатија, како докажани и успешни начини за обезбедување финансии за основање и развој на идеја за социјално претпријатие се и филантропски акции водени од младите луѓе како и crowd-funding акциите.

IV

ДОМАШНИ ФОНДОВИ

Во Македонија, како што повеќе пати споменавме, сé уште е во развој секторот социјално претприемништво. Сепак постојат фондови кои ги поддржуваат идеите за бизниси со општествена мисија. Тука особено треба да се нагласи дека младите луѓе треба да ги користат можностите кои целат токму кон нив. Таква можност се повиците отворени преку Фондот за иновации и технолошки развој , чија мисија е поттикнување и поддршка на иновациската дејност во микро, малите и средните претпријатија за остварување забрзан технолошки развој, (базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и на иновации) што придонесуваат за создавање нови работни места и за економски раст и развој, истовремено подобрувајќи ја бизнис-околината за развој на конкурентските способности на компаниите.

Само затоа што имате идеја, не значи дека ќе биде лесно и едноставно

Запознајте ја вашата заедница/потрошувачи

Пронајдете го наједноставниот начин за почеток

Соработувајте се секој и секаде

Без обезхрабрување

Како преку владините мерки идејата за социјален бизнис “Pepa Pig комунално претпријатие” иницирана од младите луѓе Андријана Антоновска и Димитар Гогу може да биде понатаму развивана? Оваа идеја во фокусот го има општествениот проблем запуштени урбани места во градот Битола и овој проблем младите луѓе во Битола го гледаат како можност за нивно самовработување. Младите луѓе од оваа група треба да одберат кој владина мерка најмногу одговара за развој на нивната идеја. Понатаму за секоја владина мерка има одговорни службеници на кои им е работа посветено да ве упатат како да ги искористите погодностите од владината мерка.



БАНКАРСКИ КРЕДИТИ

Кредитирањето е најпрепознатливиот начин на финансирање на идеите за развој на социјални претпријатија. Младите луѓе може да аплицираат со своите идеи за социјални претпријатија или веќе основани претпријатија (во зависност од банката) за кредити (вообичаена камата од 7.5%) со бизнис план, минимален инвестициски разик и гаранции. Има 3 поголеми банки и повеќе мали банки кои се фокусирани на кредитирање на микро, мали и средни претпријатија како и кредитните линии за бизнис/иновации од Македонска банка за поддршка на развојот, Европската Банка за Реконструкција и Развој, Светска Банка , и други.

Добар пример!

Микрокредитната Фондација "Хоризонти" со главна мисија да овозможи одржлив и континуиран пристап до финансиски услуги на економски активното население со ниски примања во Република Македонија, претежно жени микропретприемачи, припадници на социјално исклучени и маргинализирани групи, а со цел поддршка и развој на малите бизниси, креирање нови работни места и подобрување на квалитетот на живеење. Важно е да се потенцира дека основач на Хоризонти е Католички Служби за Помош – ЦРС што е пак добротворна организација и токму ова покажува како добротворните организации се вклучени во финансирањето на идеите за социјални претпријатија.



Како идејата "ИДНИНА" развиена од младите луѓе Давид Димески, Александар Котески, Далибор Димоски, Марија Василеска, Лина Димоска во текот на едукативната работилница во Прилеп како дел од проектот "ENTER Social Entrepreneurship" може да биде подржана од Хоризонти. За да има поголем успех за кредитирање идејата, предводник треба да биде една од девојките :). Потоа младите луѓе треба да аплицираат за кредит во локалната канцеларија на Хоризонти во Прилеп, со тоа идејата влегува во втора фаза - кредитна анализа, и доколку ги исполни сите критериуми на фондацијата ќе биде исплатен кредитот.

IV



ФИЛАНТРОПСКИ АКЦИИ/ CROWD FUNDING

Crowdfunding претставува нетрадиционален начин на собирање на средства за финансирање на иновативни идеи. Главен поддржувач на овој концепт е широката јавност кој придонесува за реализација на иновативната идеја, преку вложување на одредена сума на пари, во замена на соодветна награда, која зависи од висината на вложените средства.

Добар пример!

Letsfundit.mk претставува прва платформа за групно вложување во Македонија која има за цел да постави нова димензија на претприемништвото. Проектот е создаден од страна на невладината организација "Summer Work and Travel Alumni Macedonia" (SWTA). Основната цел на организацијата е да ги поддржува, развива и имплементира позитивните иницијативи на учесниците на "Work and Travel" програмата во нашето општество. Основна цел е да се поттикне претприемачкиот дух на младите во Македонија и да им се овозможи пристап до финансиски средства за реализација на нивните иновативни идеи. Со ова ќе се зголеми процентот на самовработување во нашата држава, а ќе се намали стапката на невработеност помеѓу младата популација, што е еден од најголемите предизвици за Македонија денес.

Како за идејата за социјален бизнис "Meet Prilep Closer" иницирана од младите во текот на едукативната работилница во Прилеп како дел од проектот "ENTER Social Entrepreneurship" може да се спроведе crowdfunding акција користејќи ги можностите на Let's Fund it? Пред младите луѓе да започнат проект на платформата треба да ја шират информацијата за нивната идеја, особено преку социјалните мрежи. Потоа се креира видео запис за идејата и на крај се креира проект.





V

Институција	Лице за контакт	Функција	Контакт
Младински Сојуз - Крушево	Билјана Стојческа	Член на тим	biljana@youthalliance.org.mk
МИТ Универзитет, Факултет за Менаџмент	Сања Николиќ	Доцент по економски науки	sanja.nikolic@mit.edu.mk
СФЕРА	Милчо Дули	Претседател на организација	milcod@gmail.com
Центар за Социјални Иновации	Јасмина Белчовска Тасевска	Специјалист по Социјални Иновации	jasmina.belcovska@undp.org
Македонска Платформа за Сиромаштија	Билјана Дуковска	Претседателка на платформата	biljana_dukovska@yahoo.com
Економски Факултет – Прилеп	Марија Мидовска-Петкоска	Асистент на Економски факултет - Прилеп	marija.midovska@gmail.com
Хоризонти	Весна Атанасова	Раководител на подружница во Битола	vatanasova@horizonti.org.mk
Награда за социјално претприемништво	Марија Матовска	Координатор на програмата	marija@mladiinfo.eu
Фонд за иновации и технолошки развој	Катарина Кречева	Советник во одделението за подготовка на програми	katarina.kreceva@fitr.mk
Институт за развој на заедницата	Сретен Коцески	Претседател на организација	skoceski@gmail.com
Yunus Social Business Balkans	Shkelzen Marku	Извршен директор	shkelzen.marku@yunussb.com
МАКЕДОНИЈА-ЕКСПОРТ консалтинг	Калин Бабушку	Член на тим	kalin.babusku@macedonia-export.com



VI

Референци:

1.“Social Entrepreneurship in the Western Balkans: State of Play”

2.„Анализа за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија“ Фондација Фридирх Еберт, Канцеларија Скопје, 2014

3.Center for Institutional Development and Euclid Network, Handbook Sustainable Strategies for Social Enterprises and Non-for Profit organizations in Macedonia, 2011

4.„Анализа на состојби и можности за уредување на социјалното претприемништво во Република Македонија со понуда на опции“

5.Стојческа Б., Латковиќ Т. М., Николиќ С., Петрески Б., „Анализа на состојбите и предизвиците за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија“, Фондација Фридрих Еберт, канцеларија Скопје, јануари 2016

6.Development and implementation of the social enterprise concept in Macedonia –Social enpretprenurship Resources, Community Development Institute

7.Предлог закон за социјално претприемништво, Министерство за труд и социјална политика

8.Алмира Папиќ, „Социјалното претприемништво и неговата улога во развојот на човечките ресурси во социјалните дејности“, 2012

9.Dusan Tomic, “Policies and activities for development of the social entrepreneurship”, 2014

11.Charles Leadbeater, “The rise of the social entrepreneur”, Demos, https://www.demos.co.uk/files/theriseofthesocialentrepreneur.pdf , 24.11.2016

12.Michael E. Porter and Mark R. Kramer, “The competitive advantage of corporate philanthropy”, Harvard Business Review, December 2002

